Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-730/1
Охрид, 18.12 2023 год.

Врз основа на член 98 став 1 точка 16 од Законот за високото образование („Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 82/2018 и 178/21) и член 128 од Стаутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" Охрид, Ректорот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле' Охрид, проф. д-р Иван Бимбиловски, на ден 18.12.2023 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

За прекинување на постапката за избор на ректор 2024-2027 година

1. Се прекинува постапката за избор на ректор за мандатен период 2024-2027 година на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, започната по Одлука за отпочнување на постапка за избор на ректор арх. бр. 02-661/2 од 20.11.2023 година, до добивање на решение и заклучоци за постапување од Државен просветен инспекторат на Република Северна Македонија, во постапката за вонреден инспекциски надзор спроведен на ден 15.12.2023 година на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, а сите рокови се ставаат во мирување.
2. Роковите на постапката утврдени со Роковникот за активности на постапката за избор на ректор арх. бр. 02-661/5 од 20.11.2023 година на Универзитеткиот Сенат се ставаат во мирување почнувајќи од ден 18.12.2023 година.
3. Решението влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Образложение**

На ден 15.12.2023 година од страна на Државен просветен инспекторат на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид спроведен е вонреден инспекциски надзор на постапката за избор на ректор за мандатен период 2024-2027 година, започната по Одлука за отпочнување на

На ден 15.12.2023 година од страна на Државен просветен инспекторат на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид спроведен е вонреден инспекциски надзор на постапката за избор на ректор за мандатен период 2024-2027 година, започната по Одлука за отпочнување на постапка за избор на ректор арх. бр. 02-661/2 од 20.11.2023 година, по пријавени неправилности во постапката за избор на ректор и на покана на Ректорот на Универзитетот за информатички науки и технологии„Св. Апостол Павле" Охрид.

Од причина што решението и заклучоците за постапување на Државениот просветен инспекторат се претходно прашање од кое зависи натамошниот тек на постапката за Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле " Охрид се одлучи постапката да се прекине. Роковите утврдени со Роковникот за активности на постапката за избор на ректор арх. бр. 02-661/5 од 20.11.2023 година на Универзитеткиот Сенат се ставаат во мирување од ден 18.12.2023 година.

Од се погоренаведено се одлучи како со одлучи како со диспозитивот на ова решение.

Ректор,

Проф. д-р Иван Бимбиловски

Доставено до Архива
УИК
Сенат
Кандидати за ректор